Уп. бр.08-89

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Сејфор, а.с. (Seyfor, a.s.), со седиште на Дробнехо 555/49, Понава, 602 00 Брно, Чешка Република (Drobného 555/49, Ponava, 602 00 Brno, Czech Republic), преку адвокат Методија Велков од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 15.07.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Сејфор, а.с. (Seyfor, a.s.), со седиште на Дробнехо 555/49, Понава, 602 00 Брно, Чешка Република (Drobného 555/49, Ponava, 602 00 Brno, Czech Republic) има намера да стекне самостојна директна контрола над М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД (M&И SYSTEMS, CO DOO NOVI SAD), со регистрирана адреса на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија (Industrijska 3b, Novi Sad, Serbia) и индиректно над M&И SYSTEMS д.о.о Бања Лука (M&И SYSTEMS d.o.o Banja Luka), со регистрирана адреса на Видовданска бр. 2, Бања Лука, Босна и Херцеговина (Vidovdanska 2, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina), по пат на купување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 27.05.2024 година, а дополнето на 04.06.2024 година и 11.06.2024 година, до Комисијата за заштита на

конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Сејфор, а.с. (Seyfor, a.s.), со седиште на Дробнехо 555/49, Понава, 602 00 Брно, Чешка Република (Drobného 555/49, Ponava, 602 00 Brno, Czech Republic) со која Сејфор, а.с. Брно, Чешка Република има намера да стекне самостојна директна контрола над М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД (M&И SYSTEMS, CO DOO NOVI SAD), со регистрирана адреса на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија (Industrijska 3b, Novi Sad, Serbia) и индиректно над M&И SYSTEMS д.о.о Бања Лука (M&И SYSTEMS d.o.o Banja Luka), со регистрирана адреса на Видовданска бр. 2, Бања Лука, Босна и Херцеговина (Vidovdanska 2, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina), по пат на купување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Основната дејност на Сејфор, а.с. е развој на деловни системи (ЕРП решенија, ИТ инфраструктурни проекти и приспособени системи).

Сејфор, а.с. обезбедува комерцијален софтвер (ERP, сметководство, платен список, HR, CRM софтвер, имплементации на Microsoft) и прилагодени ИТ проекти за своите клиенти, главно во Чешка Република.

Сејфор, а.с. е портфолио друштво на Сандберг Капитал (Sandber Capital).

Сандберг Капитал е основано во 2014 година. Сандберг Капитал управува со средства во вредност од повеќе од 340 мил. евра. Портфолиото на Сандберг се состои од инвестиции во ИТ, земјоделството, телекомуникациите, малопродажбата и образовниот сектор.

xxx[1]

Во Северна Македонија, Сејфор, а.с. има едно регистрирано поврзано друштво – Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7400292 и регистрирано седиште на ул. Наум Наумовски – Борче бр.40, Скопје – Центар, Република Северна Македонија. Регистрираната приоритетна дејност на КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје е 62.01 - Компјутерско програмирање, односно врши развој, аутсорсинг и аутсорсинг на деловни процеси, индивидуализиран софтверски развој, оптимизација на транспортот, fintech софтвер.

---

[1] Податоците се деловна тајна

Основната дејност на М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД е давање на ИТ услуги, односно развој на производи, имплементација, технолошки услуги, консултантски услуги и услуги за обезбедување поддршка.

Во трговскиот регистар, регистрираната приоритетна дејност на друштвото е консултантски услуги во врска со работењето и другите начини на управување. М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД нема регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија, но обезбедува онлајн прекугранични услуги на клиентите во Северна Македонија.

М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД е дел од Групацијата М&И Системс, КО. М&И Системс, КО е приватно друштво основано во 1991 година како друштво за управување и информациски системи, со седиште во Нови Сад. За речиси три децении работа, М&И Системс, КО се изгради како лидер кога станува збор за развој и имплементација на информациски решенија во различни индустрии. Успешната работа на М&И Системс, КО вклучува развој на ERP софтверски решенија, системи за деловна интелигенција, банкарски софтвер, специјализирани софтверски решенија за различни индустрии, како и обезбедување на услуги за управување со деловни процеси, оптимизација и управување со перформансите.

М&И Системс, КО има повеќе од 350 вработени во 5 држави, голем број на консултанти од различни области на работењето и универзитетите, модерни технологии и голем број партнерства во Европа и САД. Постојано работи на подобрување на постоечките и развој на нови производи, следејќи ги светските ИТ трендови.

М&И Системс, КО нема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија.

М&И Системс БиХ е дел од групацијата М&И Системс, КО. Регистрираната приоритетна дејност на М&И Системс БиХ е компјутерско програмирање

М&И Системс БиХ нема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната

конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**